Врз основа на член 20 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМее бр.199/2014, бр.44/2015), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево ја донесе следната :

**П Р О Г Р А М А**
**За изработка на урбанистички планови**
**во општина Василево за 2018 година**

1. В О В Е Д

Годишната програма за изработка на урбанистички планови на општина Василево за 2018 година претставува основа за изработка и донесување на Урбанистички ппланови за населените места во општината, основа за уредување и опремување на градежното земјиште и е дел од потребната документација за добивање согласност за изработените планови од Министерството за транспорт и врски.

2. Планирани активности

Ф1. Урбанистичко планирање 1.550.000 денари

1. Во текот на 2017 година во општина Василево ќе се изработат следните урбанистички планови:
   - 1.1 Урбанистички план за населено место Василево… 450.000 денари
   - 1.2 Урбанистички план за населени места Градашорци – Ангелци и Владевци ……………………………………………400.000 денари
   - 1.3 Урбанистички план вон населено место Добрашинци кај брана Турија…………….. 200.000 денари
   - 1.4 Урбанистички план за населено место с.Пиперево 400.000 денари
   - 1.5 Изработка на локална урабнистичко планска документација за дел од КП бр.405 КО Нова Маала 100.000 денари
   - 1.6 Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место Градашорци, КО Градашорци
   - 1.7 Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс за производно, дистрибутивно-откупен центар за откуп,примарна и финална обработка на земјоделски производи на дел од КП 386, м.в Гладно Поле КО Градошорци
   - 1.8 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1359 КО Градошорци
   - 1.9 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр. 1347 и КП бр.1204/1
   - 1.10 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1123, КП бр.1854, КП бр.1859 и КП бр.1855 КО Владевци ВОН Г.Р.
   - 1.11 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1629/2, КП бр.1691, КП бр.1709/2 КО Градошорци ВОН Г.Р.
   - 1.12 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.2/1 КО Доброшинци ВОН Г.Р.
   - 1.13 Изработка на локална урабнистичко планска документација за дел од КП бр.965 м.в Бозгалек во КО Нова Маала
   - 1.14 Изработка на Детален Урбанистички план за КП бр.2382 КО Василево
   - 1.15 Изработка на локална урабнистичко планска документација за КП бр.1671/1 и КП бр.1695 КО Василево ВОН Г.Р.

3.Финансирање

Средствата за активностите предвидени во точка 1.1; 1.2: 1.3; 1.4; 1.5 ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево.Средствата за активностите предвидени во

точка 1.6 1.7: 1.8 1.9, 1.10, 1.11, 1.12, 1.13, 1.14 і 1.15 немаат финансиски импликации на Буџетот на општина Василево за 2018 година и истите ќе се обезбедат од физички лица.

4.Завршни одредби

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Начинот и динамиката на реализација на оваа Програма ќе зависи од приливот на финансиските средства.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Василево“.

Бр.08-1932/1 Совет на општина Василево
07.12.2017г. Претседател,
Василево Крсте Панев с.р